Врз основа на член 188 од Законот за работни односи ("Сл.весник на РМ" бр.62/2005 год.), Вториот Конгресот на Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија на ден 24.11.2007 г. донесе

# *С Т А Т У Т*

## На Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија

### <u>ОПШТИ ОДРЕДБИ</u>

**Член 1**

Конфедерацијата на слободните синдикати на Македонија (во понатамошниот текст (КСС) е доброволна синдикална организација која има за цел изразување и остварување на економските, социјалните, културните и други заеднички интереси на членките.

КСС дејствува на територијата на Република Македонија и неговата работа е јавна.

**Член 2**

КСС ја сочинуваат две Федерации: Федерација на синдикатите од јавниот сектор и Федерација од стопанството. Секоја федерација е составена од гранкови синдикати или синдикални организации. Федерациите своите активности ги регулираат со донесување на свои статути, кои се во склад на Статутот на КСС.

**Член3**

КСС својата активност ја обавува по овој Статут и Програма за работа. Статутот на КСС е во согласност со позитивните прописи на Р.Македонија.

КСС во изградување на своите ставови и остварувањето на своите цели е независна и самостојна организација во однос на државните органи и институции, политичките партии, управните и други органи, работоводните органи во претпријатијата, работодавачите и нивните здруженија, верските заедници и други организации.

**Член 4**

Остварувањето на својата функција и улога КСС ја врши по пат на преговарање со државните органи, асоцијации на работодавачите и други органи и организации, посредување за остварување на барањата, колективно договарање, остварување на правото на штрајк и друго.

# Име, седиште, печат, знаме и амблем на КСС

**Член 5**

Целосното име е: Конфедерација на слободни синдикати на Македонија.
Скратена ознака е: КСС.
КСС има својство на правно лице, со свој печат и жиро сметка кај надлежна финансиска институција, а во односите со трети лица го претставува и застапува Претседателот на КСС.

**Член 6**

Седиштето на КСС е: Скопје, ул. "Кочо Рацин" бр: 72-г.

**Член 7**

КСС има амблем во овална форма со портокалова боја, со внатрешна елипса со сива боја во која на портокаловата позадина се испечатени големи бели букви „КСС'' од кои што буквата „К“ е стилизирана и на нејзината лева страна е прикажан стилиризиран човек.

**Член 8**

КСС има знаме со стандардна димензија со портокалова боја, а во средината е амбленот на КСС.

**Член 9**

Печатот на КСС има тркалезна форма со пречник од 38 мм. и го содржи текстот: " Конфедерација на слободни синдикати на Македонија".
Печатот во средината го содржи знакот на Синдикатот.
Штембилот има правоаголна форма и го содржи текстот. " Конфедерација на слободни синдикати на Македонија", со место за број и датум.

**ЦЕЛИ, ПРИНЦИПИ И ЗАДАЧИ НА КСС**

**Член 10**

Целите, принципите и задачите на КСС се да:

- изградат посилно и независно синдикално движење посвстено на организирање, колективно преговарање и промовирање на прогресивни закони;
- осигураат подобар квалитет на живот и пристојни животни стандарди, достоинствена и достапна здравствена заштита, побезбедни и поздрави работни места и економска и социјална сигурност за пензионерите и социјално загрозените;
- водат кампањи и да ја активираат секоја легитимна употреба на синдикална сила за претставување и застапување, како и за унапредување и одбрана на правата на работниците;

- овозможат реализација на човековиот дух за слобода, правда и еднаквост, како и сузбивање на сите форми на потчинетост и експлоатација;
- обезбедат еднаквост на сите националности, вери и политички убедувања кои ја негуваат каузата за демократија и солидарност;
- допринесат кон развојот на демократско општество, владеење на правото и еднаков третман пред законот и институциите;
- развијат конструктивни односи базирани на партнерство, социјално лидерство и активизам, како и транспарентност и одговорност на членството во синдикалните организации;
- обезбедат заштита на синдикално движење и членство од корупција, конфликт на интереси и недемократско однесување;
- стават крај на квази-синдикалните организации кои се доминирани од работодавците и политиката, кои само ги оневозможуваат и ги слабеат во барањето на нивните права на работно место;
- ја вратат довербата, надежта и верувањето дека утрешнината може да биде подобра, дека сите граѓани заслужуваат попросперитетна иднина, дека постои синдикално движење подготвено да се бори за достоинство, почит и правда;
- ги остварува задачите и интересите на синдикатите;
- изработува, склучува, потпишува, спроведува и следи примената на колективните договори;
- организира стручно и синдикално образование на синдикалните претставници и членството;
- дава правна заштита, како и застапување и остварување на правата по основ на работниот однос;
- развива информативно-пропагандна активност од интерес за членовите на синдикатите, заради афирмација на синдикалната политика и афирмација на јавноста;
- соработува со други синдикати во државата, како и со меѓународни синдикати;
- остварува други заеднички интереси и права, согласно Уставот, законите, колективните договори и други прописи.

## **ПРАВА И ОБВРСКА НА ЧЛЕНКИТЕ НА КСС**

### Член 11

Членките на КСС имаат права и обврски да:

- ги почитуваат целите и принципите на статутот, програмите и одлуките донесени од страна на КСС;
- практикуваат демократија и транспарентност во развојот на своите цели и стратегии и на синдикалната политика, структурите и раководењето;
- спроведуваат слободни и демократски избори;
- редовно да плаќаат членарина согласн Статутот и одлуката донесена од органите на КСС;
- соработуваат со слободни и демократски синдикални организации од целиот свет за зголемување на почитта и имплементирање на

меѓународно признаените трудови стандарди во земјата и надвор, вклучувајќи го Правото на слобода на здружување и Правото на колективно преговарање;

- формираат децентрализирана синдикална мрежа со персонал и центри за помагање на синдикалните организации во унапредувањето на колективното преговарање, комуникација и едукација на членовите за нивните синдикални и работнички права;
- создадат солидарни средства и други програми за помагање на синдикатите и нивните членови;
- создадат слободно и демократско синдикално движење кое ќе се обединува во прогресивни коалиции на сродни организации кои се посветени на социјална и економска правда, човекови и трудови права;
- покренува иницијативи и води постапки за донесување или измена и дополнувањена закони и други прописи кои ги регулираат правата од интерес на работниците;
- во статутите на федерациите се утврдуваат права и обврски, со кои се гарантираат остварување на целите и принципите на КСС.

## ЧЛЕНСКА КНИШКА И СИНДИКАЛНА ЧЛЕНАРИНА

**Член 12**

За спроведување на синдикалните активности финансиски средства се остваруваат преку членарина. Членарината се плаќа секој месец.

Членарината ја уплаќаат синдикатите, врз основа на приходите од 0,6% што ги остваруваат од членарината на нивните членови. Висината на членарината што треба да се уплати во КСС изнесува 10 % од приходите што синдикатите ги остваруваат од членарина.

На синдикатот, кој нема да ја уплати членарината повеќе од 3 месеци, членството во КСС му престанува, доколку ЦО не донесе друга одлука.

## ОРГАНИ ВО КСС

**Член 13**

Органи на КСС се:

- Конгрес
- Конференција
- Централен одбор
- Надзорен одбор
- Статутарна комисија

# Конгрес

**Член 14**

Конгресот е највисок орган на КСС кој се свикува на пет години. За работа на Конгресот потребно е да присуствуваат 2/3 од делегатите, а одлуките се полноважни ако гласаат мнозинството од присутните.

**Член 15**

Конгресот ги врши следните работи:

- усвојува програмски документи на КСС;
- усвојува Статут и врши измени и дополни ;
- усвојува финансиски извештај;
- избира Претседател на КСС, Статутарна комисија и Надзорен одбор, по предлог на Конференцијата;
- усвојува Деловник за работа на Конгресот.

**Член 16**

Конгресот се закажува 60 дена пред одржувањето, а го закажува ЦО, со датум и место на одржување и со претходно утврден Дневен ред. Федерациите преку синдикатите треба да ги изберат делегатите најмалку 30 дена пред одржувањето на Конгресот. Имињата на делегатите ќе треба да се достават до ЦО најдоцна 20 дена пред Конгресот.

**Член 17**

Федерациите се должни да ги достават сите резолуции, статутарни измени, извештаи и предлози за оддавање почит и номинации до ЦО, најмалку 30 дена пред одржување на Конгресот.

**Член 18**

Бројот на делегатите ќе го утврди ЦО, според бројот на членството и според на уплатената членарина во периодот меѓу двата Конгреса, согласно чл.12 од овој Статут.

**Член 19**

Вонреден Конгрес се свикува по иницијатива на 2/3 од членовите на Конференцијата на КСС.

Делегати на вонреден Конгрес се оние делегати кои биле избрани за делегати на редовен Конгрес.

Одредбите од овој Статут важат и при одржување на вонреден Конгрес.

## Конференција

**Член 20**

Конференцијата е највисок орган на КСС помеѓу два Конгреса.

Конференцијата ја сочинуваат претседателот, потпретседателите од двете федерации, генералниот секретар, претседателите на синдикатите и членови од федерациите, кои ќе се утврдат со посебна одлука на ЦО.

Конференцијата се свикува по потреба и по барање на 1/3 од членовите на Конференцијата на КСС.

Конференцијата ја свикува Претседателот на КСС.

**Член 21**

Конференцијата наКСС ги врши следните работи:

- донесува Деловник за својата работа;
- го разгледува усвојува годишниот финансов извештај;
-предлага различни облици на предупредување и притисок, вклучувајќи и генерален штрајк, во согласност со законот, колективните договори и овој Статут;
- донесува измени и дополнување на Статутот најмногу до 1/3 од одредбите содржани во него;
- дава иницијатива, предлози и размислувања, во постапката на донесување закони и други прописи кои се од интерес на синдикатите;
- предлага кандидати за Претседател на КСС, Статутарна комисија и Надзорен одбор;
-назначува ВД Претседател на КСС по предлог на ЦО;
-донесува одлука за свикување Конгрес;
-предлага конгресни документи.

**Член 22**

За работа на Конференцијата на КСС потребно е присуство повеќе од 1/2 од членовите, а одлуките се полноважни ако за нив се изјаснат повеќе од 2/3 од присутните членови.

# Централен одбор

**Член 23**

Централниот одбор е извршен орган на КСС.

ЦО го сочинуваат Претседателот на КСС, потпретседателите од двете федерации, генералниот секретар и по 3 члена од федерациите. Бројот на ЦО ќе брои 10 члена.

Членовите на ЦО се рамноправни во договарањето и подготвувањето на неговата работа според барањата и интересите на КСС.

**Член 24**

Централниот Одбор ги врши следните работи:

- ја имплементира Програмата и другите документи усвоени од Конгресот и Конференцијата на КСС;
- дава предлози, мислења и сугестии на прашања сврзани со колективното преговарање, организациските и законските цели и програми до органите на федерациите;
- основа и управува со комисии;
- усвојува одлуки;
- врши припрема за одржување на Конгресот;
- на предлог на Претседателот, врши избор на Генерален Секретар;
- формира стручна служба на КСС;

- врши и други работи кои се во интерес на КСС согласно Статутот;
- врши избор на делегати и членови во органите на други асоцијации;
- ги подготвува седниците на Конференцијата на КСС.

**Член 25**

За работа на ЦО потребно е присуство повеќе од 1/2 од членовите.

Секој член на ЦО има право на еден глас. Одлуките се полноважни, ако гласаат повеќе од половината присутни. Во случај кога има подеднаков број на гласови, одлучува гласот на Претседателот на КСС.

# Претседател на КСС

**Член 26**

Претседателот на КСС ги врши следните работи**:**

- преговара со социјалните партнери на национално ниво;
- ги потпишува сите акти и колективни договори на национално ниво во согласност со законите;
- прогласува одлуки и останати акти усвоени од органите на КСС;
- организира прес конференции и јавни настапи;
- соработува и ја претставува КСС пред невладини организации, здруженија и меѓународни синдикални организации;
- свикува седници на Конференцијата и Централниот одбор;
- учествува во работата на органите на КСС и пред истите покренува иницијативи во интерес на КСС;
- дава предлог до ЦО за избор на Генерален секретар;
- врши и други работи во согласност со овој Статут.

За својата работа Претседателот е одговорен на Конгресот на КСС

**Член 27**

Претседателот на КСС е истовремено и Претседател на Конференцијата и на Централниот одбор на КСС.

Претседателот на КСС функцијата ја обавува професионално.

Претседателот на КСС кога е отсутен, може времено да им додели одредени овластувања на еден од потпретседателите.

Претседателот се избира со мандат од 5 години со можност за повторен избор по истекот на мандатот.

# Генерален секретар на КСС

**Член 28**

Генералниот секретар го избира Централниот одбор на КСС по предлог на Претседателот на КСС.

Тој ги подготвува сите состаноци на Конференцијата и Централниот одбор и е задолжен за имплементирање на политиката и програмите на КСС и

одлуките донесени од Конференцијата и Централниот одбор. Генералниот секретар ги обавува следните работи:

- ги координира активностите на Синдикалните федерации;
- ја надгледува работата на комисиите;
- раководи со вработените во КСС;
- изготвува работни извештаи за Конференцијата и Централниот одбор;
- ги кординира активностите на синдикалните центри низ државата.

Професионалниот и техничкиот персонал му помагаат на Генералнио секретар во спроведување на овие задачи и обврски. За своите активности, Генералниот секретар одговара пред Централниот одбор и Претседателот на КСС.

# Надзорен одбор на КСС

### Член 29

Надзорниот одбор е орган на Конгресот на КСС и се состои од 5 члена и 5 заменици.

Надзорниот одбор од своите редови избира Претседател.

Членовите на Надзорниот одбор не можат да бидат членови на ЦО на КСС.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае 5 години, без можност за повторен избор.

### Член 30

Надзорниот одбор ги има следните недлежности:

-врши контрола на материјално - финансиското работење на КСС;

-соработува со инспекциските служби задолжени за финансиско работење согласно законските прописи;

-има право да изврши контрола на финансиското работење на федерациите на КСС.

За извршената контрола составува записник и истиот го доставува до Ценралниот одбор на КСС.

Надзорниот одбор му поднесува извештај за својата работа, како и за материјално-финансиското работење на КСС на наредниот Конгрес.

# Статутарна комисија на КСС

### Член 31

Статутарната комисија е орган на Конгресот и брои 5 члена.

Изборот на членовите на Статутарната комисија го врши Конгресот на КСС.

Мандатот на Статутарната комисија трае 5 години, со можност за повторен избор.

**Член 32**

Статутарната комисија ги има следните надлежности:

-да дава толкување и образложение на овој Статут по барање на ЦО на КСС, како и на органите на федерациите на КСС;

-да ги следи примената на Статутот и другите акти на КСС;

-подготвува измени и дополнувања по барање на Конференцијата и ЦО на КСС;

**Член 33**

Статутарната комисија за својата работа му поднесува извештај на Конгресот на КСС.

## Стручна служба

**Член 34**

КСС формира стручна служба со стручен и административно-технички персонал. Бројот и составот на Стручната служба се утврдува со акт за систематизација, кој го донесува ЦО.

## Комисии

**Член 35**

Во составот на КСС функционираат комисија за колективно преговарање, комисија за законодавство, комисија за членство и организирање, комисија за права на членките, комисија за финансиски прашања и комисија за етика и жалби. Функцијата на комисиите е да им помагаат на членовите на ЦО да ги спроведуваат нивните задачи и обврски. Комисиите во својот состав може да вклучуваат и надворешни експерти во одредени области.

## Синдикални кацеларии

**Член 36**

КСС основа, одржува и екипира синдикални канцеларии низ целата држава. Тие им помагаат на федерациите и нивните синдикати во спроведување на задачите и обврските. Синдикалните канцеларии обезбедуваат синдикални и правни услуги.

**РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**

# Мировен совет

**Член 37**

Во случај на спор, страните можат да се договорат да го дадат на решавање на посебен мировен совет. Договорот за мировниот совет мора да биде склучен во писмена форма.

Мировниот совет е составен од 3 члена, од кои по еден член е од страните што го водат спорот, а третиот член го именува ЦО на КСС.

# Арбитража

**Член 38**

Арбитража се определува доколку не може да се реши спорот со Мировниот совет.

Арбитражата се состои од 5 члена од кои по еден член именуваат страните, а 3 члена именува ЦО на КСС, од кои едниот се избира за Претседател на Арбитражата.

Арбитражата е должна во рок од еден месец да донесе одлука за спорот. Одлуката на Арбитражата е конечна и задолжителна за двете страни и против неа не е дозволено поведување спор пред надлежен суд.

**ПРЕСТАНОК НА КСС**

**Член 39**

КСС може да престане со укинување. Одлука за укинување донесува Конгресот. Одлуката е полноважна ако за тоа се изјаснат 2/3 од членовите на Конгресот.

Секоја федерација на КСС може да поднесе предлог за престанок на КСС најмалку 60 дена пред одржувањето на Конгресот.

Конференцијата има право да достави мислење до Конгресот во однос на предлогот на членката за престанок на КСС.

Доколку се усвои Одлуката, тогаш престанува важење на сите финансиски обврски на КСС спрема трети лица, вклучувајќи ги и обврските спрема стручниот и техничкиот персонал.

Конгресот усвојува посебен акт со кој се утврдува поделбата на имотот на КСС.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 40**

КСС стекнува правна и деловна способност со денот на запишувањето во регистарот на државната управа надлежен за работите на трудот.

**Член 441**

Статутите на федерациите не можат да бидат во спротивност со одредбите на овој Статут.

**Член 42**

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување.

Во Скопје,
24.11.2007 г.

КСС
Претседател,
Раско Мишкоски